ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 12-310/6**

**Дата: 13.04.2018**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Економскиот факултет - Скопје, како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, (во понатамошниот текст Економски факултет), сметка на основен буџет - 603, за 2016 година.

Ревизијата изразува мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2016 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи за 2005 година на Економскиот факултет - Скопје, со својство на правно лице, но не е вршена ревизија на финансиските извештаи на Економски факултет, како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст УКИМ), за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, ревизијата истакнува дека Економскиот факултет, како единица на УКИМ, без својство на правно лице, донела акти за организација и систематизација на работните места во услови кога нема статутарни овластувања за носење на општи акти, за кои е добиена согласност од МИОА и од Ректорската управа на УКИМ, во септември 2015 година.

Во делот Останати прашања ревизијата смета за потребно да обелодени дека до денот на ревизијата, Собранието на РМ на предлог на Владата на РМ нема донесено Програма за високообразовна дејност, со која се утврдуваат средствата за финансирање на јавните универзитети и на студиите од јавен интерес обезбедени од Буџетот на РМ и од други извори, определени со закон. Исто така, не е формиран Совет во рамките на Министерството за образование и наука што придонесува за различен начин на постапување и функционирање од страна на високо образовните установи, преку акти и одлуки што тековно ги

донесуваат. Остварувањето на право на плата и надоместоци на плата, врз основа на Одлука за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плата на вработените на УКИМ - Економски факултет - Скопје, во услови на непостоење на колективен договор за високообразовна дејност, непостоење на одредби во Законот за високото образование и неутврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници може да придонесе за различен начин на пресметка и исплата на платите во рамките на единиците на УКИМ, како и во рамките на јавните универзитети во РМ.

Не е донесен општ акт за интегрирана стручна и административна служба од страна на Ректорската управа, со кој ќе се утврдат начинот на работа, видовите на работните места, работните задачи со условите, бројот на извршителите и нивните права, обврски, одговорности и други прашања поврзани со Службата ниту пак е донесен правилник за начинот на кој се вршат стручните и административните работи од заеднички интерес за единиците, меѓу кои е и Економскиот факултет, од страна на Сенатот, согласно Статутот на УКИМ.

На нацрт извештајот не се доставени забелешки од одговорното лице деканот на Економски факултет.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 10 до 12 заедно со ревизија на усогласеност на Економскиот факултет - Скопје, како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - сметка на основен буџет - 603, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и Преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2017 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2005 година на Економски факултет - Скопје, со својство на правно лице, пред присоединување на факултетите, согласно Законот за високото образование, во 2008 година. Не е вршена ревизија на финансиските извештаи на Економски факултет, како единица во состав на УКИМ, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Проф. д-р Љубомир Дракулевски - декан на Економски факултет, од 2011 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на користените сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со резиворските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските

извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 25.10. до 25.12.2017 година кај Економски факултет - Скопје, како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 02.02.2018 година.

На нацрт извештајот не се доставени забелешки од одговорното лице деканот на Економски факултет

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Економски факултет - Скопје, единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ сметка на основен буџет - 603 на ден 31 декември 2016 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Економски факултет - Скопје, единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, сметка на основен буџет - 603, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

5.1. Со донесувањето на измените и дополнувањето на Законот за високото образование[1], во член 10-а до 10-г, се дефинира статусот на сите вработени во високообразовните установи, според видот на работните места на вработените поделени во: работни места на административни службеници, работни места на даватели на јавни услуги во високообразовните установи и работни места на помошно - технички лица. Согласно член 50 од Законот за вработените во јавниот сектор односно согласно член 106 од Законот за административни службеници, институциите од јавен сектор (УКИМ) имаат обврска актите за организација и систематизација на работните места да ги усогласат со одредбите од овие закони, најдоцна до денот на започнувањето со примена на двата закона. Согласно одредбата за примена на овие закони, наведените измени и дополнувања на Законот за високото образование, ќе отпочнат да се применуваат од 13.02.2015 година.

Економскиот факултет, како единица на УКИМ, врз основа на член 17 од Законот за вработените од јавен сектор, член 9 став 3 од Законот за високото образование и член 62 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економски факултет, има подготвено нови акти за внатрешна организација и систематизација на работните места, донесени од страна на Деканатската управа на Економскиот факултет, во кои се опфатени сите три групи на вработени согласно наведените закони (Правилник за внатрешна организација на Економски факултет - во состав на УКИМ и Правилник за систематизација на работните места на УКИМ - Економски факултет во Скопје). За донесените акти, Економскиот факултет, како единица на УКИМ, без својство на правно лице и во услови кога нема статутарни овластувања за носење на општи акти, предвидени во Статутот на УКИМ, има добиено писмена согласност од МИОА, во февруари 2016 година и донесена е Одлука за согласност од Ректорската управа на УКИМ, од септември 2015 година. Наведените акти се објавени во Универзитетски гласник на 17.10.2016 година, од кога и стапуваат на сила.

## 6. Останати прашања

6.1 Согласно член 78 од Законот за високото образование од 2008 година, Собранието на РМ на предлог на Владата на РМ има обврска да донесе Програма за високобразовна дејност со која се утврдуваат средствата за финансирање на јавните универзитети и на студиите од јавен интерес обезбедени од Буџетот на РМ, и од други извори, определени со закон. Истата се донесува за време од 4 години, а треба да се реализира со годишни програми кои се донесуваат истовремено со годишната финансиска пресметка на

[1] Службен весник на РМ број 41 од февруари 2014 година

универзитетот. Од причина што оваа програма`сеуште не е донесена, не се создадени услови за утврдување на целите, правците на развој, изворот и обемот на средствата потребни за финансирање на државните потреби и остварувањето на развојот на дејноста на јавните високообразовни установи.

6.2 Согласно член 80 од Законот за високото образование, заради остварување на работите за финансирање на високото образование и остварување на Програмата за високообразовна дејност, во рамките на Министерството за образование и наука треба да се формира Совет како самостојно тело кое ќе работи врз основа на принципот на стручност и компетентност. Надлежностите на Советот се дефинирани со член 83 од Законот и претежно се состојат во давање мислења за предложени акти или во преземање на конкретни активности. Една од поважните надлежности на Советот е дека за секоја буџетска година, најдоцна до 15 мај за наредната буџетска година на министерот надлежен за работите на високото образование му го предлага вкупниот износ на средства од Буџетот на РМ за финансирање на универзитетите и самостојните високообразовни установи кои треба да бидат во согласност со Програмата за високообразовна дејност.

Со оглед дека Советот сеуште не е формиран, голем дел од работите и актите кои се во надлежност на Советот за кои ова стручно тело треба да даде мислења, предлози, да утврди или да донесе соодветни норми за кои Владата на РМ или Министерството за образование и наука даваат согласност, не се донесени што придонесува за различниот начин на постапување и функционирање од страна на високо образовните установи, преку акти и одлуки што тековно ги донесуваат.

6.3 Со член 133 став 1 од Законот за високото образование, е уредено дека лицата избрани во наставно - научно, научно и наставно звање, засноваат работен однос и остваруваат права и обврски од работен однос во согласност со Законот за високото образование и друг закон и колективен договор склучен помеѓу мнозинскиот синдикат организиран од високообразовните установи во РМ и Владата на РМ. Во Законот за високото образование нема одредби кои упатуваат дека платите и надоместоците на наставничкиот кадар може да се уредат со акт на високобразовна установа. Со цел дефинирање на единствени основи за плата и надоместоци на плата на избраниот наставно -научен кадар во јавните универзитети во РМ, ревизијата има обврска да истакне дека до денот на ревизија не е склучен колективен договор помеѓу мнозинскиот синдикат организиран од високообразовни установи во РМ и Владата на РМ.

Во отсуство на колективен договор за високообразовни установи и во отсуство на одредби во Законот за високото образование за платите и надоместоците, а во услови на избран наставно - научен кадар кој врши највисока образовна дејност, на ниво на УКИМ, донесен е Правилник за единствените основи за

утврдување на платите и надоместоците на вработените на УКИМ, од октомври 2010 година. Донесување на овој правилник, како општ акт, не е предвидено во Законот за високото образование, а и во Статутот на УКИМ нема прецизна одредба, односно при негово носење Универзитетот се повикува на член 206 кој се однесува на располагање на приходите.

Од друга страна во член 85 од Законот за административни службеници е утврдено дека административниот службеник има право на плата и надоместоци од плата под услови и критериуми утврдени во Законот за административни службеници, освен ако со посебен закон и колективен договор поинаку не е уредено. Основната компонента на платата за административните службеници се состои од дел на плата за степен на образование, дел на плата за ниво и дел на плата за стаж. Во услови на законски дефинирани бодови за вреднување на делот на плата за степен на образование и дел на плата за ниво, од страна на Економски факултет не се донесени нови решенија за плата со утврдените бодови, од причина што не е утврдена вредноста на бодот за ваквиот начин на пресметка на платата. Вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници треба да се утврдува секоја година од страна на основачот (Собранието на Република Македонија) на предлог на надлежниот функционер (ректор на УКИМ).

Во вакви услови, за платите и надоместоците на вработените, на Економски факултет се применува Одлука за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плата на вработените на УКИМ - Економски факултет - Скопје, од јануари 2012 година, со измени во ноември 2013 година, ноември 2014 година и август 2015 година.

Остварувањето на право на плата и надоместоци на плата, врз основа на интерен акт на високообразовна установа, а во услови на непостоење на колективен договор за високообразовна дејност, непостоење на одредби во Законот за високото образование и неутврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници може да придонесе за различен начин на пресметка и исплата на платите во рамките на единиците на УКИМ, како и во рамките на јавните универзитети во РМ.

6.4 Согласно Законот за високото образование и Статутот на УКИМ, стручната и административна служба се организира како интегрирана стручна и административна служба на универзитетот, во кои е вклучена и службата на Економски факултет. Службата се организира по сектори, во согласност со функционалната поврзаност на дејноста на единиците на УКИМ утврдени со Статутот. Исто така, предвидено е донесување на општ акт на Ректорската управа, со кој ќе се утврдат начинот на работа, видовите на работните места, работните задачи со условите, бројот на извршителите и нивните права, обврски, одговорности и други прашања поврзани со Службата, а начинот на кој се вршат стручните и административните работи од заеднички интерес за

единиците, меѓу кои е и Економски факултет, се уредува со правилник што го донесува Сенатот.

Недонесувањето на актите на ниво на Служба на универзитетот, (која ја сочинуваат Централната стручна и административна служба - Ректорат и стручните и административни служби на единиците на ниво на УКИМ), како што е предвидено согласно Статутот на УКИМ, придонесуваат до нееднаквост и неусогласеност во начинот на организација и работа, работните места и работните задачи со условите и бројот на извршителите и нивните права, обврски, одговорности и други прашања помеѓу службите на единиците, како и во начинот на извршувањето на стручните и административните работи во административните служби на единиците, во кои е вклучена и административната служба на Економски факултет.

## Економски факултет - Скопје

## Сметка на основен буџет (603)

### БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 53.799 | 53.532 |
| **Вкупно приходи** | | **53.799** | **53.532** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1 | 43.484 | 42.881 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 10.136 | 10.228 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3 | 179 | 423 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **53.799** | **53.532** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **53.799** | **53.532** |

**Економски факултет-Скопје**

**Сметка на основен буџет (603)**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1 | 5.453 | 7.335 |
| **Вкупно тековни средства** | | 5.453 | 7.335 |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1 | 151.389 | 153.385 |
| **Вкупно постојани средства** | | 151.389 | 153.385 |
| **Вкупна актива** | | 156.842 | 160.720 |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 1.905 | 3.626 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2 | 3.548 | 3.709 |
| **Вкупно тековни обврски** | | 5.453 | 7.335 |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1 | 151.389 | 153.385 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | 151.389 | 153.385 |
| **Вкупна пасива** | | 156.842 | 160.720 |

**Економски факултет-Скопје**

**Сметка на основен буџет (603)**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2016 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2016 година** | **153.385** | - | **153.385** |
| **Зголемување по основ на:** | **237** | - | **237** |
| Набавки | | - | - |
| Дадени движни ствари - книги на трајно користење без надомест на Факултетот | 237 | | 237 |
| Ревалоризација на капитални средства | | | - |
| **Намалување по основ на:** | **2.233** | - | **2.233** |
| Амортизација | 2.233 | | 2.233 |
| **Состојба 31.12.2016 година** | **151.389** | - | **151.389** |